**АЕК – Натпревар во изработка на апликации за мобилен телефон**

'Која е твојата апликација' е натпревар за изработка на апликации за трите најпопуларни оперативни системи за мобилни телефони, односно: Android, iOS и Windows mobile. Натпреварот е организиран од страна на АЕК со цел младите и амбициозни програмери да ја покажат својата креативност и талент, а со тоа и да го надоградат своето знаење. Целта на натпреварот е да се поттикне развојот на новите технологии на пазарот, како и да се поттикне користење на широкопојасен интернет.

**Правила за учество**:

- На натпреварот има право да учествува секој полнолетен граѓанин на Република Македонија.
- Пријавување најдоцна до 25.01.2013 на електронската пошта apliciraj@aec.mk
- Сите учесници имаат право да пријават неограничен број на апликации
- Апликацијата треба да е компатабилна со следниве оперативни системи: Android 2.3+, iOS 4+, Windows mobile 7+
- Не е неопходно учесничките апликации да бидат нови и необјавени

**Апликациите ќе бидат оценувани според**:

- Уникатност на идејата
- Визуелен впечаток и графички дизајн на апликацијата
- Перформанси и компатибилност на апликацијата
- Имплементираност со социјалните мрежи (Facebook, Youtube, Twitter...)
- Искористување на можностите и потенцијалнот на оперативните системи (Android, iOS, Windows mobile).

**Рок за пријавување:**

- До 25 Јануари 2013 година

**Повеќе информации на** www.aek.mk

http://www.aek.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=678%3Akonkurs-aplikacii&catid=41%3Asoopstenija&Itemid=148&lang=mk